# "ИНТЕРВЈУТО ТЕШКО ДА ГО ДОБИЕТЕ"

Почитувајќи го новинарскиот кодекс, како и професионалната етика за објективно и рамноправно отстапување на медиумскиот простор, неделникот "Македонско сонце" на 6 мај оваа година испрати барање за интервју до лидерот на ВМРО-ДПМНЕ, како предводник на Коалицијата "За подобра Македонија", за да ја презентира партиската програма во период пред да настапи изборниот молк. До затворањето на овој број, до 21 мај, не добивме одговор.

Двонеделното "ѕврцкање" по телефони не вроди со плод, иако контактиравме со повеќемина од врвот на партијата. Постојано бевме во контакт со г. Илија Димовски, на чија е-маил адреса ги испративме прашањата за интервјуто, откако нè извести дека тој не бил запознат со нашето барање, кое веќе беше доставено преку факс до седиштето на партијата.

Изминативе денови добивавме двосмислен одговор кој не нè наведуваше на помисла дека нема да ги добиеме одговорите. По многуте неизвесности, конечно на 19 мај г. Илиевски се одѕва на нашите телефонски јавувања со одговор: "Интервјуто тешко да го добиете"...

Својата професионалност и коректност ја зачувуваме до крај. Светскиот македонски неделник "Македонско сонце" останува отворен за соработка и во тие рамки ќе продолжиме да информираме за сите нивни партиски активности.

[ SENDING REPORT ]

May. 06 2008 03:58PM

| NO. | OTHER FACSIMILE | START TIME | USAGE TIME | MODE | PAGES | RESULT |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 01 | 023290663 | May. 06 03:57PM | 01'28 | SND | 02 | OK |

**Б А Р А Њ Е**

**Предмет:** Прашања за интервју

Почитуван г. Никола Груевски, во пресрет на предвремените парламентарни избори, а со цел да бидеме што пообјективни, неделникот "Македонско сонце" Ви дава можност да ја претставите политичката програма на Вашата партија како и на коалицијата "За подобра Македонија", преку интервју. Доколку не сте во можност да ни одговорите на прашањата пожелно е да одредите член на потесното партиско раководство кој ќе одговори на нашите прашања. Одговорите треба да ни ги испратите најдоцна до 15 мај оваа година, а интервјуто ќе биде објавено на 23 мај.

Фото сесија мора да биде направена до 15 мај а за терминот ќе се договориме дополнително.

1. Господине Груевски, промовирајќи ги кандидатите на "Коалицијата за подобра Македонија", надградена и проширена, во која покрај ВМРО-ДПМНЕ влегуваат уште 19 други партии, настапувате оптимистички и велите дека станува збор за најсилната коалиција која воопшто била создадена во државава, како што потенцирате, коалиција на 2 милиона граѓани... Со еден збор, оваа коалиција потврдува дека Македонија никогаш досега не била вака обединета во идејата за преродба, за подобар живот, обединета околу сонот за Европа и НАТО... Која е бројката со која одите во сигурна победа?
2. Велите и дека изборите се празник кога победува волјата на народот, кога се мери и одмерува ветеното со стореното. Всушност, потегот кој го направивте прифаќајќи ги предвремените избори го оквалификувавте како храброст на една владејачка партија која реши да го провери своето работење пред граѓаните. Сметате ли дека остваривте баланс меѓу ветеното и стореното, со што повторно ја барате довербата на електоратот?
3. Искуството покажа дека на сите досегашни парламентарни избори граѓаните ја казнувале власта, односно наизменично се менувале улогите на ВМРО-ДПМНЕ и на СДСМ, еднаш власт, друг пат опозиција. Сега сте убедени дека на овие избори електоратот ќе ја казни опозицијата...
4. Во досегашното двоесетмесечно практикување на власта, главниот акцент ѝ го посветивте на економијата, но и на стимулирањето на земјоделството,

Жиро сметка 200001070137263
МК 40300995235235
Стопанска Банка АД - Скопје

Девизна жиро сметка: Stopanska Banka A.D. - Skopje
SWIFT STOBMK 2X 1574718- за
"Makedonsko Sonce" MACEDONIA

борбата против криминалот... Не случајно велите дека ВМРО-ДПМНЕ е земјоделска и народна партија, чија визија е содржана во програмата "Преродба во 100 чекори, надградена и проширена, 2008-2012". "Знаете како натаму, па затоа преродбата продолжува". Тоа се слоганите на Вашата коалиција...

5. Јасно е дека на терен сте посилни и дека ги добивате следните 4 години. Ударно се концентрирате токму на економијата кога на светска сцена стапува криза...
6. Работите и во насока на зачувување на националните интереси, идентитет, јазик, уставно име... како и побрза интеграција на Македонија во европското и во евроатлантското семејство, но тоа да не биде на штета на Македонците. Па, велите, "да се биде Европеец не значи да се откажете од поимот Македонец. Да се биде Европеец, не претпоставува да заборавите на патриотските чувства! Едното никогаш не го исклучувало другото! Ние знаеме кои сме и што сме и која е црвената линија која не можеме да ја поминеме!"... Што ќе значи евентуален референдум за името Македонија?
7. Во "Коалицијата за подобра Македонија" покрај Македонци влегоа и Турци, Роми, Срби, Бошњаци, Власи итн. Значи ли тоа дека со овој потег сакате да им се оддолжите на останатите малцинства во државава, за кој патем речено, во неизгласаните измени на Изборниот законик беа предвидени десет загарантирани пратенички места, ако се имаат предвид разните шпекулации и пазарења кои се движеа во насока на обезбедувањето на Бадентеровото правило, кое стана неопходно за донесување на 46 закони?
8. Ваш традиционален партнер од албанскиот блок е ДПА. Имено, иако на минатите избори победата кај албанскиот електорат ја однесе ДУИ, Вие во Владата ја земавте ДПА. Што, ако и на овие избори се случи истото? Очекувате ли некакви непредвидени сценарија и условувања од интегратвците, какви што се случуваа во изминатиот период, на пример, т.н "Мајски" договор?

Однапред Ви благодариме

новинар Жаклина Митевска
e-mail zakim@makedonskosonce.com

Скопје
6.5. 2008 година

Главен и одговорен уредник
Силвана Блажена

МАКЕДОНСКО СОНЦЕ











